

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

# Ревидиран национален утврден придонес кон Договорот од Париз

**Поднесок од Република Северна Македонија**



# Содржина:

**Вовед** 02

**Ревидиран национален утврден придонес кон Договорот од Париз** 02

*Амбиција за ублажување на климатските промени* 04
*Спроведување* 05
*Комуникација* 06

**Придружни Информации** 07

*1. Квантифицирани информации за референтната точка* 07
*2. Временска рамка и/или периоди на спроведување* 08
*3. Опсег и опфат* 08
*4. Процеси за планирање* 09
*5. Претпоставки и методолошки пристапи, вклучително и за оценување и пресметување на антропогените емисии и понори на стакленички гасови* 14
*6. Како страната смета дека нејзиниот национален утврден придонес е правичен и амбициозен земајќи ги предвид нејзините национални околности* 18
*7. Како националниот утврден придонес придонесува за остварување на целта на Конвенцијата од член 2* 19

**Дополнителни активности** 20
*Економска и околинска евалуација на политиките и мерките* 20
*Социјални аспекти на политиките и мерките* 21
*Улогата на приватниот сектор* 22
*Цели за одржлив развој (ЦОР) – Ревидиран национален утврден придонес* 22
*Циркуларна економија* 23

**Идни активности** 24
*Ревизии предизвикани од Ковид-19* 24
*Тековни/планирани активности од проектот „Ветувањето за климата“* 24
*Адаптација* 25

# Вовед

01

Република Северна Македонија, како држава која не припаѓа во групата земји од Анексот I кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (УНФЦЦЦ), го ратификуваше Договорот од Париз во ноември 2017 година, и го предложи следниот придонес кон глобалните напори за намалување на емисиите на стакленички гасови (Национален утврден придонес кон Договорот од Париз, доставен во 2015 година): „Во 2030 година да се постигне намалување на емисиите за 30%, односно за 36% при повисоко ниво на амбиција, во однос на референтното сценарио." Фоксуот на македонскиот национален придонес е врз ублажувањето на климатските промени, на емисиите на CO2 од согорување на фосилни горива кои претставуваат речиси 80% од вкупните емисии на стакленички гасови во државата. Најголемиот дел од овие емисиите се од следните сектори: снабдување со енергија, згради и транспорт.

02

Република Северна Македонија како држава кандидатка за членство во Европската Унија (ЕУ) и договорна страна на Енергетската заедница од Западниот Балкан, исто како земјите членки на ЕУ, е посветена на постигнување климатска неутралност до 2050 година – суштинската цел на Европскиот зелен договор.

03

На глобално ниво, првите национални придонеси, доколку целосно се спроведат ќе доведат до затоплување од 2,9 до 3,4 степени Целзиусови до крајот на веков. Поради тоа потребни се поамбициозни активности за ублажување на климатските промени, со што би се постигнала целта на Договорот од Париз (да се ограничи порастот на температурата под 2, односно до 1,5 степени Целзиусови). Договорот предвидува и механизам за зголемување на амбицијата на климатската акција со тек на време, односно бара секоја држава на секои 5 години да подготви и да достави национален придонес со највисокото можно ниво на амбиција.

# Ревидиран национален утврден придонес кон Договорот од Париз

04

Како одговор на Одлуката донесена на Конференцијата на страните во Париз, потврдена со Одлуката донесена на 24. Конференција на страните во Катовице во 2018 година, и во согласност со Одлуката на Владата , Република Северна Македонија на хх датум, го објавува Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз како придонес кон глобалните напори за намалување на емисиите на стакленички гасови:

**Во 2030 година да се постигне 51% намалување на емисиите на стакленички гасови во однос на емисиите од 1990 година или изразено во нето емисии, 82% намалување во 2030 година во однос на 1990 година.**

Ревидираниот национален придонес[1] е фокусиран на ублажувањето на климатските промени. Штом се подготват и усвојат релевантни национални стратешки и плански документи, во идните поднесоци ќе се вклучи и компонента за адаптација.

05

Главните аспекти на подобрување во Ревидираниот национален утврден придонес[2] се во однос на амбицијата за ублажување, спроведувањето и комуникацијата.

[1] Понорите во 2030 година, кои би се оствариле со спроведување на мерките планирани во овој Придонес, се само 7% поголеми од понорите во 2014 година.

[2] Специфицирани согласно упатството на WRI и UNDP (Enhancing NDCs: A Guide to Strengthening National Climate Plans by 2020)




# КЛИМАТСКА АКЦИЈА СЕГА



| Ревидирани компоненти | Ревидиран национален придонес (2021) | Првичен национален придонес (2015) |
|---|---|---|
| **Амбиција за ублажување на климатските промени** | | |
| **Зголемете ја целта за намалување на стакленичките гасови** | - Цел во крајна година (емисии во 2030 година во однос на емисиите во 1990)<br>- Компатибилност и споредливост со целта на ЕУ<br>- Апсолутно намалување на емисиите во 2030 во однос на реферeнтно сценарио: 7.603 Gg $CO_2$-eq | - Смалување во 2030 година во однос на реферeнтно сценарио<br>- Апсолутно намалување на емисиите во 2030 во однос на реферeнтно сценарио: 5.228 Gg $CO_2$-eq |
| **Подобрете или дополнете ги политиките и активностите:** | - 63 политики и мерки за ублажување (ПиМ) во следните сектори:<br>✓ Енергетика (вклучително и Снабдување со енергија, Резиденцијален сектор, Неспецифицирани сектори, Индустрија, Транспорт)<br>✓ Земјоделство<br>✓ Употреба на земјиштето, пренамена на земјиштето и шумарство<br>✓ Отпад<br>✓ Дополнителни ПиМ (што овозможуваат спроведување на активностите за ублажување)<br>- Опфат на емисии: Цели за целата економија<br>- Опфатени стакленички гасови: $CO_2$, $CH_4$, $N_2O$ | - 17 (+9 во сценариото со поголема амбиција) политики и мерки за ублажување на климатските промени во следните сектори:<br>✓ Снабдување со енергија<br>✓ Згради<br>✓ Транспорт<br>- Опфат на емисии: Емисии од согорување на фосилните горива<br>- Опфатени стакленички гасови: $CO_2$ |
| **Подобрете или дополнете секторска цел која не е поврзана со стакленичките гасови:** | Ревидираниот национален придонес кон Договорот од Париз е усогласен со следните секторски цели за 2030 година кои не се поврзани со стакленички гасови, а се предвидени во предлог Националниот план за енергија и клима (НПЕК):<br>- Обновливи извори на енергија (ОИЕ)<br>✓ 38% удел во бруто финална потрошувачка на енергија<br>✓ 66% удел во бруто производство на електрична енергија<br>✓ 45% удел во бруто финална потрошувачка на енергија за греење и ладење<br>✓ 10% удел во финална потрошувачка на енергија во транспортот<br>- Енергетска ефикасност (ЕЕ)<br>✓ 20,8% намалена финална потрошувачка на енергија во однос на реферeнтното сценарио<br>✓ 34,5% намалена примарна потрошувачка на енергија во однос на реферeнтното сценарио | |

| | | |
|---|---|---|
| **Усогласете го спроведувањето на постоечкиот Национален утврден придонес со долгорочните цели:** | Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз е одраз на Зеленото сценарио од Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година и е целосно усогласен со предлог Националниот план за енергија и клима. Тој е усогласен со следните долгорочни цели (за 2040):<br>- процентуално намалување на емисиите на стакленички гасови за во однос на 2005 година: 61,5%<br>- удел на ОИЕ во бруто финална потрошувачка на енергија: 45%<br>- процентуално намалување на примарната и финалната потрошувачка на енергија во однос на рефернтното сценарио: 51,8% и 27,5%<br>Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз е тесно поврзан со проектот финансиран од ЕУ, „Подготовка на долгорочна стратегија и закон за климатска акција“ во чии рамки се изработува Долгорочна стратегија за климатска акција и Закон за климатска акција. Понатаму, Ревидираниот национален придонес се осврнува и на регионалниот аспект придонесувајќи значително кон сите пет приоритетни мерки идентификувани за секторот Енергетика во предлог Стратегијата за регионален развој 2019-2029. | Нема поврзаност со долгорочните цели. Со цел да се идентификуваат конкретни политики и мерки за ублажување на климатските промени, земени се предвид следните документи:<br>- Стратегија за енергетика<br>- Стратегија за енергетска ефикасност<br>- Стратегија за обновливи извори на енергија<br>- Програма за спроведување на Стратегијата за енергетика<br>- Акциски план за енергетска ефикасност<br>- Акциски план за обновливи извори на енергија<br>- Стратегија за транспортниот сектор<br>- Претпристапна економска програма<br>- Програма на Владата на Република Македонија<br>- Трет национален план за климатски промени<br>- Прв двогодишен извештај за климатски промени |
| **Спроведување** | | |
| **Додадете активности или мерки за подобрување на спроведување-то:** | - Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз опфаќа дополнителни политики и мерки кои овозможуваат спроведување на ПиМ, како што се оданочувањето на емисиите (данок за јаглерод), интеграцијата на регионалните пазари за енергија, зајакнувањето на улогата на малите и средни претпријатија, политики и мерки за истражување и развој и други мерки.<br>- За секоја политика и мерка, наведени се потребните средства како и потенцијалните извори за финансирање.<br>- За секоја политика и мерка идентификувани се институциите/субјектите што се одговорни за спроведување и мониторинг.<br>- За секоја политика и мерка, јасно се наведени индикатори за следење на напредокот со референтни вредности (за годината на известување и за крајната целна година).<br>- За секоја политика и мерка дадени се информации колку таа директно и индиректно придонесува за исполнување на Целите за одржлив развој. | - Политиките и мерките за ублажување на климатските промени се претставени со помалку детали |

| Комуникација | | |
|---|---|---|
| **Дадете основни информации во однос на подобрување на јасноста, транспарент-носта и разбирањето:** | - Политиките и мерките за ублажување на климатските промени се претставени детално во табела.<br>- Спроведените анализи и табелите со политики и мерки се вклучени во Аналитичкиот документ за Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз кој претставува составен дел од самиот поднесок. Другите дополнителни документи и студии ќе се објават на https://www.klimatskipromeni.mk/ | - Политиките и мерките за ублажување на климатските промени се претставени во табела.<br>- Спроведените анализи и табелите со политиките и мерките се дел од Аналитичкиот документ за Националниот придонес кон Договорот од Париз кој претставува составен дел од самиот поднесок. |
| **Дадете дополнителни детали** | - Економската и околинската евалуација на политиките и мерките за ублажување на климатските промени е спроведена со примена на Алатката за утврдување на маргинални трошоци за ублажување **(MAC крива)**<br>- Социјалните влијанија на политиките и мерките се утврдени преку пресметување на **новите работни места**, воведување на **родови индикатори** во некои политики и мерки со цел повеќе да ги земаат предвид родовите разлики, како и со организирање на виртуелна **консултација со младите** токму за Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз. Ова е направено со цел да се слушне гласот и на младите луѓе и да се изразат и нивните ставови во Придонесот, како и да се постигне широко прифаќање на целите во овој ревидиран национален придонес и да се воспостават основни канали за комуникација со кои ќе се обезбеди соодветно ангажирање на младите за исполнување на целите во Ревидираниот национален утврден придонес.<br>- **Улогата на приватниот сектор** во акциите за ублажување е анализирана преку разгледување на дополнителни политики и мерки во секторот индустрија<br>- **Синергиите и компромисите со Целите за одржлив развој** се идентификувни и кванитфицрани за да се разбере колку Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз помага за исполнување на националната агенда за одржлив развој.<br>- Се анализираа и придобивките од **циркуларната економија** врз намалувањето на емисиите на стакленички гасови со цел да се идентификуваат можностите и предизвиците за ублажување преку подобрување на циркуларните практики при управување со отпадот, во согласност со Европскиот зелен договор и Акцискиот план на ЕУ за циркуларна економија.<br>- **Придонесот кон регионалниот развој** е јасно покажан со тоа што петте приоритетни мерки во секторот Енергетика од предлог Стратегијата за регионален развој 2019-2029 се соодветно поврзани со релевантните ПиМ за ублажување од Ревидираниот национален придонес. | - Економската и околинската евалуација на политиките и мерките за ублажување на климатските промени се врши со примена на Алатката за утврдување на маргинални трошоци за ублажување (MAC крива)<br>- Социјалните аспекти на политиките и мерките за ублажување на климатските промени се утврдени преку пресметување на новите работни места што се создаваат со нивно спроведување. |

| РЕВИДИРАН НАЦИОНАЛЕН УТВРДЕН ПРИДОНЕС КОН ДОГОВОРОТ ОД ПАРИЗ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (Ревидиран национален придонес)<br><br>ПРИДРУЖНИ ИНФОРМАЦИИ | | |
|---|---|---|
| **1. Квантифицирани информации за референтната точка** | | |
| а) | Референтна година, основна година, референтен период за споредба или други почетни точки; | Основна (почетна) година: 1990 година |
| б) | Квантифицирани информации за референтните индикатори, нивните вредности во референтната година, во основната година, референтни периоди или други почетни точки (кое од овие е применливо) во целната година; | Референтниот индикатор - националните емисии на стакленички гасови во почетната година (1990 година) се заснова на Извештајот за националниот инвентар.<br><br>Емисии во почетната година: 12.478 Gg $CO_2$-eq.<br><br>Целна година: 2030<br><br>Емисии во целната година: 6.058 Gg $CO_2$-eq. |
| в) | За стратегии, планови и активности што се споменуваат во член 4, став 6 од Договорот од Париз, или политики и мерки кои се компоненти на национален утврден придонес кон Договорот од Париз за кои не е применлив став 1(б) погоре, страните да доставаат други релевантни информации; | |
| Не е применливо | | |
| г) | Цели во однос на референтниот индикатор, изразени нумерички, на пример во проценти или во количина што ќе се намали; | **Емисиите на стакленички гасови во 2030 година ќе бидат за 51% пониски во однос на тие во 1990 година** (црна линија на графиконот подолу).<br><br>Претставено по сектори (2030 наспроти 1990):<br>• Енергетика: 66% намалување (главно поради престанок на работа на електраните на јаглен Осломеј во 2021 и Рек Битола во 2027 година)<br>• Индустриски процеси и користење производи: 45% зголемување<br>• Земјоделство: 29% намалување<br>• Употреба на земјиштето, пренамена на земјиштето и шумарство: 95% зголемување на понорите<br>• Отпад: 21% намалување<br><br>**Изразено во нето емисии, во 2030 година, ќе има 82% намалување на нето емисиите на стакленички гасови во однос на нето емисиите од 1990 година** (црвена линија на графиконот подолу).<br><br>Пресметаните бројки се однесуваат на емисии и понори кои се создаваат на територијата на Република Северна Македонија (емисиите поврзани со увезената електрична енергија се смета дека се нула). |




Сценарио кое го одразува Ревидираниот национален придонес

| | | |
|---|---|---|
| д) | Информации за изворите на податоци што се користеле за да се квантифицираат референтните точки: | Референтниот индикатор ќе се квантифицира врз основа на вкупните емисии на национално ниво во 1990 година известени во Извештајот за националниот инвентар. |
| ѓ) | Информации за околностите во кои страната може да ги ажурира вредностите на референтните индикатори: | Националните вкупни емисиите на стакленички гасови во 1990 година може да се ажурираат и повторно да се пресметуваат поради постојани подобрувања на методологијата. Информациите за ваквите ажурирања ќе се доставуваат преку Двогодишните извештаи за транспарентност. |
| **2. Временска рамка и/или периоди на спроведување** | | |
| а) | Временска рамка и период на спроведување: | 14 април 2021 до 31 декември 2030. |
| б) | Дали станува збор за цел во една година или цел во повеќе години: | Цел во една година, во 2030 година. |
| **3. Опсег и опфат** | | |
| а) | Општ опис на целта: | Намалување на емисиите во целата економија за 51% во 2030 година во однос на емисиите во почетната година (1990). |

| | | |
|---|---|---|
| б) | Сектори, гасови, категории и базени опфатени со Националниот утврден придонес кон Договорот од Париз, и доколку е применливо, да се во согласност со Упатството на Меѓувладиниот панел за климатски промени; | Целта опфаќа емисии од следните сектори:<br>• Енергетика<br>• Индустриски процеси и користењето на производи<br>• Земјоделство<br>• Отпад<br>Целта ги опфаќа следните гасови:<br>Јаглероден диоксид ($CO_2$), метан ($CH_4$), азотен оксид ($N_2O$)<br>За емисиите и понорите од секторот употреба на земјиштето, промена на употребата на земјиштето и шумарство, вклучени се следниве категории: шумско земјиште, земјоделско земјиште, пасишта и мочуришта, вклучително и промени во користење на земјиштето помеѓу категориите. Исто така вклучени се и промените меѓу овие категории и категориите населби и други земјишта. Опфатени се петте јаглеродни базени: надземна биомаса, подземна биомаса, отпадна биомаса (дрвни отпадоци), мртво дрво и органски материи во почвата , притоа се користат стандардни емисиони фактори. |
| г) | Како страната ги зела предвид ставовите 31 (в) и (г) од Одлуката 1/CP.21 | Сите сектори од методологијата на Меѓувладиниот панел за климатски промени од 2006 година се вклучени и понатаму ќе бидат вклучени. |
| д) | Придружни придобивки што произлегуваат од активностите за адаптација на страните и/или плановите за економска диверзификација, вклучително и опис на специфични проекти, мерки и иницијативи на страните за адаптација и/или планови за економска диверзификација. | |
| Не е применливо | | |

## 4. Процеси за планирање

| | | |
|---|---|---|
| а) | Информации за процесот на планирање што го спровела страната за да го подготви Националниот утврден придонес и плановите за спроведување, вклучително и: домашна институционална поставеност, учество на јавноста и ангажираност на локалните заедници и населението, на начин што ги зема предвид родовите аспекти | Република Северна Македонија го потпиша (во 2015 година) и го ратификуваше (во 2017 година) Договорот од Париз, во чии рамки стана дваесет и третата земја во светот што го достави својот Национален придонес (2015). Оттогаш донесени се бројни плански и технички документи во областа на енергетиката и климатските промени, а некои се и во фаза на подготовка.<br>• Втор двогодишен извештај (2018),<br>• Стратегија за развој на енергетиката до 2040 година (2019),<br>• Трет двогодишен извештај за климатски промени (нацрт 2020),<br>• Национален план за енергетика и клима (нацрт 2020),<br>• Долгорочна стратегија за климатска акција (нацрт 2020),<br>• Стратегија за регионален развој 2019-2029 (нацрт 2020, моментално е во собраниска процедура).<br>Сите овие документи, со процесите за нивна изработка, послужија како основа за подготовка на Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз. |

| | | |
|---|---|---|
| (i) | Домашна институционална поставеност, учество на јавноста и ангажираност на локалните заедници и населението, на начин кој ги зема предвид родовите аспекти; | Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз беше подготвен преку **процес во кој учествуваа многу чинители и тоа** :<br>• Владини институции и меѓуинституционални тела, државни агенции и органи:<br>✓ Министерство за животна средина и просторно планирање (Тело за контакт со УНФЦЦЦ)<br>✓ Министерство за економија, (Секторите за енергетика и индустрија)<br>✓ Кабинет на заменикот премиер одговорен за економски прашања<br>✓ Секретаријат за европски прашања<br>✓ Министерството за труд и социјална политика (со лицето за контакт со УНФЦЦЦ во однос на родови прашања)<br>✓ Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (од Секторите за земјоделство, шумарство и водостопанство)<br>✓ Министерство за транспорт и врски<br>✓ Министерство за образование и наука<br>✓ Државен завод за статистика<br>✓ Агенцијата за енергетика<br>• Засегнати страни од општеството:<br>✓ Индустрии, компании и нивни здруженија (стопански комори)<br>✓ Фонд за иновации и технолошки развој<br>✓ Невладини организации што работат на прашања поврзани со животната средина<br>✓ Формални и неформални групи за заштита на животната средина предводени од млади<br>• Засегнати страни од локалната управа:<br>✓ Град Скопје<br>✓ Здружение на единиците за локална самоуправа (ЗЕЛС )<br>• Академски установи<br>• Меѓународни организации, донатори и меѓународни и национални финансирачки институции и фондови.<br>Државата смета на **екстензивната национална експертиза** за известување до УНФЦЦ (подготовка на инвентарот на стакленички гасови, моделирање на мерките за ублажување и проекции на емисиите) од Истражувачкиот центар за енергија и одржлив развој при Македонската академија на науките и уметностите и од други академски институции (за останатите сектори, покрај енергетика).<br>Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз се заснова на **обемна аналитичка работа и консултации** со релевантните засегнати страни чија цел е:<br>• Да се идентификуваат и потврдат можните политики и мерки за ублажување на климатските промени во целните сектори во согласност со секторските политики и плански документи, како и со Европската политика за клима и енергија.<br>• Да се идентификуваат и потврдат претпоставките што се користат за моделирање на идентификуваните политики и мерки во согласност со секторските политики и плански документи, како и во согласност со Европската политика за клима и енергија. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Да се приоретизираат идентификуваните политики и мерки и да се дадат насоки за изработка на сценарија за ублажување со постоечки и дополнителни мерки.<br><br>Особено, Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз се заснова врз разбирањето дека за реализација на целите за ублажување на климатските промени, потребен е пристап од долу нагоре преку **активно учество на локалната самоуправа**. Поради тоа, користените информации произлегуваат од бројните студии што се спроведени на локално ниво, како на пример од Студијата за греењето во Скопје, Студијата за транспортот во Скопје и од Стратегијата за климатски промени на Градот Скопје: Отпорно Скопје.<br><br>Конечно, процесот на подготовка на овој Ревидиран национален утврден придонес кон Договорот од Париз вклучува консултација и координација со:<br><br>• 36 национални експерти и 13 меѓународни експерти (25 жени), во рамките на аналитичката и техничката работа<br><br>• 31 засегнати страни (17 владини институции, 5 меѓународни организации, 3 невладини организации, 5 академски институции и 1 приватна компанија), или на индивидуално ниво, 667 лица кои учествува на 20 настани (403 жени), за да обезбедат податоци, да ги дискутираат и да ги потврдат претпоставките и резултатите. |
| (ii) | Прашања за контекстот, меѓу другото и: | |
| a. | Национални околности (географија, клима, економија, одржлив развој и искоренување на сиромаштијата); | Република Северна Македонија е мала континентална држава (површина 25.713 km2), лоцирана во средниот дел на Балканскиот полуостров. Има разновидна топографија со високи планини и длабоки долини, големи и мали природни езера и сликовити реки. 50% од површината е земјоделско земјиште, а шумите покриваат една третина од земјата. Државата има разновидна клима и осум климатски региони.<br><br>Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз го зема предвид кандидатскиот статус на државата за членство на ЕУ и членството на државата во НАТО (како 30та членка). Резултатите од минатите реформи за создавње на цврсти макроекономски основи, креирање на нови работни места и за отворена економија која ќе привлече странски инвестиции и ќе и помогнат на државата да ги искористи овие нови можности. Сепак, слабите државни институции, ниската и сè помала продуктивност на локалните компании, недостатоците во конкурентноста, политиките за инвестирање и регулацијата на бизнисот и понатаму предизвикуваат сериозни структурни предизвици за економскиот раст. Недостига правна рамка која ќе поттикнува конкурентност на компаниите, и поради тоа приватниот сектор е слаб и не може во целост да ја искористи местоположбата на државата. Покрај тоа, постојат ризици за фискална одржливост на државата и Владата има ограничен фискален простор за соодветно да ја стимулира економијата. Постигнувањата во образованието се релативно слаби што го ограничува пазарот на трудот бидејќи нема вештини за исполнување на новите барања на модерната економија и креира нееднаквост во пристапот до економските можности. Покрај сето ова, притисоците врз климата и животната средина, меѓу кои и загадувањето на воздухот бараат итно внимание. Во спротивно може да го забават економскиот раст и да ја зголемат сиромаштијата.<br><br>Со Доброволниот национален преглед (2020) за исполнување на целите од Агендата за одржлив развој 2030 се утврди дека има голема веројатност дека 27 проценти од индикаторите за Целите за одржлив развој (ЦОР) ќе бидат постигнати до 2030 година. Дополнителни 29 проценти од индикаторите може да се постигнат до 2030 година со значителни стратешки напори, додека преостанатите 44 проценти со моменталниот капацитет за развој изгледаат неостварливи. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Покрај тоа, оценката на социо-економските влијанија покажува дека КОВИД-19 имаше сериозни негативни влијанија врз економијата на Република Северна Македонија, и дека последиците се дури поголеми и од тие предизвикани од глобалната финансиска криза од 2007-2009. |
| б. | Најдобри практики и искуства во однос на подготовката на Националниот утврден придонес. | Дефинитивно, за подготовка на Ревидираниот национален придонес максимално се искористија **аналитичките капацитетите, учеството на сите чинители, искуството, алатките и базата на знаење** кои се оформени дури и пред изработката на првичниот Национален придонес, а кои се одржуваа и зајакнаа при изработката на Вториот двогодишен извештај, Стратегијата за енергетика и Третиот двогодишен извештај за климатски промени. При поставување на целта се користеа **постоечките сеопфатни инвентари на стакленички гасови**.<br><br>Покрај тоа, во **политиките и мерките за ублажување на климатските промени предвидени во Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз се зеде предвид и одржливиот развој**, со што се квантифицираше врската меѓу одржливиот развој и ублажувањето на климатските промени. За да се утврдат економските и околинските аспекти, беше подготвена и Крива на специфичните трошоци за ублажување (МАС) при што се утврдија економските и околинските карактеристики на секоја политика и мерка. Социјалните аспекти на политиките и мерките се зедоа предвид преку (i) пресметување на **новите работни места**, (ii) воведување **родови индикатори** во некои политики и мерки со цел да се земат предвид родовите разлики, и (iii) организирање на виртуелна **консултација на младите** со цел да се слушне гласот и на младите луѓе и нивните ставови да се изразени во Придонесот, со што ќе се постигне широко прифаќање на целите во Ревидираниот национален придонес кон Договорот од Париз.<br><br>Се анализираа и придобивките од **циркуларната економија** врз намалувањето на емисиите на стакленички гасови со цел да се идентификуваат можности и предизвици за ублажување преку подобрување на циркуларните практики при управување со отпадот, во согласност со Европскиот зелен договор и Акцискиот план на ЕУ за циркуларна економија.<br><br>Што се однесува до **улогата на приватниот сектор**, тој учествува со 85% во вкупните инвестиции потребни за реализација на политиките и мерките во секторот индустрија. Досега, 110 компании поддржани со повластени тарифи, инвестираа во 140 MW капацитети на обновливи извори на енергија (претежно солрани системи и мали хидро-централи).<br><br>Конечно, во **Ревидираниот национален придонес исто така е вклучена и регионална димензија.** Неговите придонеси кон регионалниот развој се состојат во тоа што петтте мерки од секторот Енергетика во предлог Стратегијата за регионален развој 2019-2029 - (1) Обезбедување на праведна транзиција (Пелагониски и Југозападен регион), (2) Зголемување на производството на обновлива електрична енергија (Југоисточен, Источен и Североисточен регион), (3) Подобрување на енергетската ефикасност во индустријата (Скопски, Полошки и Вардарски регион), (4) Подобрување на енергетската ефикасност во домаќинствата (Источен, Пелагониски, Вардарски и Скопски регион) и (5) Ублажување на климатските промени преку горење на гасот од депонија (во сите региони во кои ќе се изградат регионални депонии со механички и биолошки третман на отпадот), се соодветно поврзани со релевантните ПиМ од Ревидираниот национален придонес. |

| | | |
|---|---|---|
| в) | Други контекстуални аспирации и приоритети кои биле согледани со потпишувањето на Договорот од Париз; | Република Северна Македонија како држава кандидатка за членство во Европската Унија (ЕУ) и договорна страна на Енергетската заедница од Западниот Балкан, е посветена на постигнување климатска неутралност до 2050 година – суштинската цел на Европскиот зелен договор, како земјите членки на ЕУ.<br><br>Во декември 2019 година беше донесена Националната стратегија за развој на енергетиката до 2040 (Стратегија за енергетика) која е првата стратегија во земја-членка на Енергетската заедница која се заснова на петте столба на Енергетската унија на ЕУ - Безбедност, солидарност и доверба; Целосно интегриран внатрешен пазар за енергија; Енергетска ефикасност; Декарбонизирање на економијата; Истражување, иновација и конкурентност. Така, Стратегијата за енергетика прикажува три сценарија - референтно сценарио, сценарио со умерена транзиција и зелено сценарио кои се со различна динамика на транзиција и овозможуваат флексибилност во однесувањето на државата согласно релевантните политики на ЕУ, со цел постигнување на модерна, конкурентна и климатски-неутрална економија до 2050 година.<br><br>Енергетската заедница брзо оди напред во однос на спроведувањето на регулативите на ЕУ за енергетско управување и интегрирано планирање за клима и енергија, а државата спроведува процес кој е за пример со изработката на предлог План за енергија и клима, првиот од ваков вид во Енергетската заедница.<br><br>Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз е одраз на Зеленото сценарио од националната Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година и е целосно усогласен со предлог Националниот план за енергија и клима. |
| б) | Специфични информации за Страните, вклучително и членство во регионални организации за економска интеграција и нивните држави членки кои постигнале договор заеднички да делуваат согласно Член 4, став 2 од Договорот од Париз. | |
| Не е применливо | | |
| в) | На кој начин при подготовката на Националниот утврден придонес страната, согласно член 4 став 9 од Договорот од Париз, ги користела резултатите од глобалниот инвентар; | Република Северна Македонија учествуваше во Дијалогот од Таланоа во 2018 година, со кој се создаде политички моментум за поголема климатска акција и се повикаа страните да ги ревидираат своите Национални придонеси. Исто така државата се придружи на Коалицијата за амбиција со државите кои се решени да ја зголемат својата амбиција во однос на климата до 2020 година. Подготовката на Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз е во согласност со препораките на Повикот за акција од Таланоа и Коалицијата за голема амбиција, при што се земаат предвид и националните околности. |
| г) | Секоја страна со национален утврден придонес кон Договорот од Париз согласно член 4 од Договорот од Париз кој се состои од активности за адаптација и/или планови за економска диверзификација кои создаваат и придружни придобивки за ублажување на климатските промени кои се во согласност со член 4, став 7 од Договорот од Париз треба да доставаат информации за: | |
| Не е применливо | | |
| | Како економските и социјалните последици од тие мерки се земени предвид при изработката на Националниот придонес; | |

| | | |
|---|---|---|
| Не е применливо | | |
| | Конкретни проекти, мерки и активности што ќе се спроведат за да придонесат за постигнување на придружни придобивки за ублажување на климатските промени, вклучително и информации за плановите за адаптација кои исто така треба да доведат до придружни придобивки за ублажување, кои може да опфаќаат, меѓу другото и клучни сектори, како што се енергетика, ресурси, водни ресурси, крајбрежни ресурси, населени места и урбанистичко планирање,земјоделство и шумарство; и активности за економска диверзификација кои може да опфаќаат меѓу другото и сектори како што се производство и индустрија, енергетика и рударство, транспорт и врски, градежништво, туризам, недвижнини, земјоделство и рибарство. | |
| Не е применливо | | |
| **5. Претпоставки и методолошки пристапи, вклучително и за оценување и пресметување на антропогените емисии и понори на стакленички гасови:** | | |
| а) | Претпоставки и методолошки пристапи користени за пресметување на антропогените емисии и понори на стакленички гасови во согласност со Националниот утврден придонес на страната, во согласност со одлуката 1/CP.21, став 31, и упатството за пресметување усвоено од CMA; | Република Северна Македонија ги пресметува антропогените емисии и понори во согласност со методологиите и заедничката метрика оценети од Меѓувладиниот панел за климатски промени и усвоени од Конференцијата на страните која служи како Состанок страните од Договорот од Париз. Сите категории на антропогени емисии или понори од оваа методологија се содржани и во Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз.<br><br>Опфатот на сите категории доследно ќе се применува и при спроведувањето на Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз. |
| б) | Претпоставки и методолшки пристапи користени за пресметување на емисиите при спроведување на политиките и мерките или стратегиите во Националниот утврден придонес; | Политиките и мерките за ублажување на климатските промени во Ревидираниот национален утврден придонес кон Договорот од Париз (63 на број) се преставени во табела, во која се дадени информации за следење на спроведувањето на истите:<br>• индикатори за следење на напредокот со референтни вредности (за годината на известување и за крајната целна година);<br>• потребни средства и потенцијални извори на финансирање;<br>• идентификувани се институциите/субјектите одговорни за спроведување и мониторинг;<br>• информации за нивниот директен и индиректен придонес за исполнување на Целите за одржлив развој;<br><br>Индикаторите за напредокот ќе се следат во Двогодишниот извештај за климатски промени или во Двогодишниот извештај за транспарентност. Ќе се обезбеди усогласеност со извештаите што се бараат за Енергетската заедница (Акциски план за енергетска ефикасност и Акциски план за обновлива енергија). |

| | | |
|---|---|---|
| в) | Доколку е применливо, информации за тоа како Страната ќе ги земе предвид постојните методи и упатства од Конвенцијата за да ги пресмета антропогените емисии и понори, во согласност со член 4, став 14 од Договорот од Париз; | Сегашниот Инвентар на стакленички гасови е подготвен согласно Упатството на Меѓувладинот панел за климатски промени од 2006 година и согласно подобрувањето на ова Упатство од 2019 година (само за фугитивните емисии во секторот Енергетика). Во однос на Упатството за добра пракса на Меѓувладинот панел за климатски промени од 2006 година, Националниот инвентар на стакленички гасови содржи сеопфатени процедури за гаранција и контрола на квалитетот кои го обезбедуваат следното:<br>• постојано подобрување,<br>• транспарентност,<br>• конзистентност,<br>• споредливост,<br>• целосност,<br>• точност и<br>• навременост<br>со што се овозможува да се пресметаат антропогените емисии и понори, во согласност со член 4, став 14 од Договорот од Париз. |
| г) | Методологоии и метрика на Меѓувладиниот панел за климатски промени со кои се утврдуваат антропогените емисии и понори на стакленички гасови; | Методологии на Меѓувладинот панел за климатски промени: Упатството на Меѓувладинот панел за климатски промени од 2006 за подготовка на национални инвентари на стакленички гасови и Подобрувањето на Упатството од 2019 година (само за фугитивните емисии од секторот Енергетика).<br>Метрика: За да се олесни збирно известување на емисиите на стакленички гасови изразени како еквиваленти на јаглероден диоксид ($CO_2$-eq) се користеше Потенцијалот за глобално затоплување од Четвртиот извештај за проценка на Меѓувладинот панел за климатски промени (за време од 100 години). |
| д) | Претпоставки, методологии и пристапи усогласени со Упатството на Меѓувладинот панел за климатски промени, вклучително и: | Според Упатството од 2006 година, емисиите и понорите на стакленички гасови се поделени во следните главни сектори:<br>• Енергетика<br>• Индустриски процеси и користење производи<br>• Земјоделство, шумарство и други употреби на земјиштето<br>• Отпад<br>• Друго (на пр. индиректни емисии на азот од неземјоделски извори)<br>Секој сектор се состои од поединечни категории и поткатегории, така што националниот инвентар е изработен на ниво на поткатегорија. Инвентарот ги опфаќа следните стакленичките гасови - $CO_2$, $CH_4$, $N_2O$, PFCs и HFCs и прекурсорите и индиректните емисии на: CO, NOx, NMVOC, $SO_2$ и $NH_3$. Емисиите на $SF_6$ не се пресметуваат поради немање на податоците за активностите.<br>Применети методи:<br>• Метод од ниво 2 со користење на емисиони фактори за $CO_2$ за емисии од лигнит, мазут и природен гас за активности од согорување на гориво во секторот Енергетика.<br>• Метод од ниво 2 во секторот Индустриски процеси и користење производи, за емисиони фактори во Минералната индустрија за производство на цемент и во Металната индустрија за производство на железо и челик и производство на ферolegури. |

<table>
<tr><td></td><td></td><td>• Во секторот отпад, се користеше метод од ниво 2, преку методот на Меѓувладинот панел за климатски промени за распаѓање од прв ред, и преку земање предвид на специфичните податоци за активностите за земјата за одлагање на отпадот на депониите и минатите податоци за БДП и населението.<br>• Ниво 1, односно стандардниот метод се користеше за другите сектори.<br>Процената на прекурсорите и на индиректните емисии (вклучително и на индиректните емисии на $NH_3$) се вршеше согласно Упатството за инвентаризација на емисиите на ЕМЕР/ЕЕА од 2019 година. Пресметката се вршеше со користење на истите податоците за активностите користени при пресметките на стакленички гасови. Пресметките за сите сектори се вршат со пристапот од ниво 1, освен за категоријата Биолошки третман на отпадот - компостирање во секторот Отпад за кои се применија емисиони фактори од ниво 2.</td></tr>
<tr><td>(i)</td><td>Пристап за земање предвид на емисиите и понорите од природни нарушувања на обработено земјиште;</td><td>Следните емисии се опфатени од обработени почви: директни и индиректни емисии на $N_2O$ од минералните ѓубрива и од арското ѓубре и емисии на $CO_2$ од користење на уреа и варовник.</td></tr>
<tr><td>(ii)</td><td colspan="2">Пристап за земање предвид на емисиите и понорите од собрани дрвни производи;</td></tr>
<tr><td colspan="3">Не е применливо</td></tr>
<tr><td>(iii)</td><td colspan="2">Пристап за земање предвид на ефектите на структурата по старост или класа на шумите.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Не е применливо</td></tr>
<tr><td>(ѓ)</td><td colspan="2">Други претпоставки и методолошки пристапи што се користат за да се разбере Националниот утврден придонес и доколку е применливо, за утврдување на соодветните емисии и понори, вклучително и:</td></tr>
<tr><td>(i)</td><td>На кој начин се утврдуваат референтните индикатори, основни и/или референтни нивоа, вклучително и каде е применливо, референтни нивоа специфични за сектор, категорија или активност, вклучувајќи ги и клучните параметри, претпоставки, дефиниции, методологии, извори на податоци и модели што се користат;</td><td>Сектор Енергетика<br>Метод за изработка на сценарија: Модел МАРКАЛ (MARKet ALlocation) (оптимизација со најмал трошок)<br>Емисии од увезената електрична енергија: Нула<br>Претпоставки за основно сценарио:<br>• Двигатели на побарувачката<br>✓ Раст на БДП во Северна Македонија кој во 2040 година ќе го стигне нивото на БДП во државите на ЕУ денес<br>✓ Моментални политики за енергетска ефикасност<br>✓ Пенетрација на електрични возила<br>• Фокус на инвестициите за производство на електрична енергија<br>✓ Избор за ревитализација на електраните на лигнит врз основа на начелото за најмал трошок<br>✓ Голем фокус на обновливи извори на енергија<br>• Цена за јаглерод на ниво на Системот за тргување со емисии во 2027 година<br>• Цена на стоките врз основа на сценариото со моментални политики на Светскиот економски преглед (WEO, 2017)</td></tr>
</table>

- Снабдување/достапност со гориво
  - ✓ Производство на лигнит на максимиално очекувано годишно ниво
  - ✓ Производство на електрична енергија од хидроелектрани и електрани на ветер/сонце во согласност со историските тренедови или приспособени за новите електрани
  - ✓ Промена во прекуграничните капацитети (електрична енергија и гас) во согласност со ENTSO-E, ENTSO-G и Енергетската заедница
  - ✓ Одржливо користење на биомаса
  - ✓ Складирање (електрични возила и пумпно акумулациони хидроелектрани))

**Индустриски процеси и користење производи**

Претпоставки:

- Емисиите на стакленички гасови зависат главно од зголемувањето на додадената вредност во конкретната индустрија.

**Земјоделство и употреба на земјиштето, пренамена на змјиштето и шумарство**

Претпоставки:

- Стапката на пренамена на земјиштето за периодот 2000-2016 ќе се задржи со истиот тренд до 2040 година. Процената на вредностите за периодот 2013-2040 беше подготвена со користење на едноставен метод за екстраполација.

- Кај сточарството, моменталната продуктивност и методите на управување на фармите ќе се одржат во текот на целиот плански период.

**Отпад**

Претпоставки:

- Во 2035 година, количеството на отпад по жител во државата ќе биде како денешното ниво во ЕУ28. По 2035 година, количеството на отпад по жител ќе почне да се намалува.
- Составот на отпадот што ќе се одлага на депонии за цврст отпад ќе остане ист во текот на целиот период како во 2016 година.

| | |
|---|---|
| (ii) | За страните со национален утврден придонес кон Договорот од Париз кој содржи и компоненти што не се стакленички гасови, треба да се достават и информации за претпоставките и методолошките пристапи што се користени за тие компоненти, во рамките на применливото; |
| Не е применливо | |
| (iii) | Да се дадат информации како се пресметуваат предизвикувачите на климатските промени кои се вклучени во националниот утврден придонес кон Договорот од Париз, а не се опфатени со Упатството на Меѓувладинот панел за климатски промени; |
| Не е применливо | |
| (iv) | Согласно потребите, наведете дополнителни технички информации; |
| Не е применливо | |

<table>
<tr><td>е)</td><td>Доколку е применливо, намера да се користи доброволна соработка согласно член 6 од Договорот од Париз.</td><td>Република Северна Македонија и понатаму ќе разгледува можности за искористување на меѓународната соработка согласно член 6 од Договорот од Париз.</td></tr>
<tr><td colspan="3">6. Како страната смета дека нејзиниот национален утврден придонес е правичен и амбициозен земајќи ги предвид нејзините национални околности:</td></tr>
<tr><td>а)</td><td>Како страната смета дека нејзиниот национален утврден придонес е правичен и амбициозен земајќи ги предвид нејзините национални околности;</td><td>По Повикот за акција од Таланоа упатен од Претседателите на 23. и 24. Конференција на страните, Република Северна Македонија подготви Ревидиран национален утврден придонес од 2020 година кој е поамбициозен од Националниот утврден придонес од 2015 година (i) при што си постави како цел да ги намали за 51% емисиите на стакленички гасови во 2030 година во споредба со емисиите од 1990 година, наместо 30% отстапување од референтното сценарио во 2030 година, и (ii) да одржува временскиот чекор од пет години за ревизија на националниот придонес.<br><br>Националниот придонес е добро усогласен со патеките на емисиите до 2050 година кои што одговараат на долгорочната цел на Договорот од Париз.<br><br>Понатаму, важно е да се напомене дека променливоста на околностите во една земја треба да биде одразена во одмерувањето на правичноста преку следниве индикатори:<br><br>• Одговорност изразена преку претходните и актуелните емисии на стакленички гасови на земјата.<br>✓ Емисии во земјата (2016) изразени како процент од светските емисии (2016): 0.022%.<br>✓ Емисии во земјата по жител (2016) изразени како процент од светските емисии по жител (2016): 79%<br>✓ Историски емисии на земјата (кумулативно за периодот 1990-2016) изразени како процент од светските историски емисии (кумулативно за периодот 1990-2016): 0.032%<br>• Способност за инвестирање во соодветни мерки за ублажување (капацитет да придонесе за решавање на проблемот со климатските промени)<br>✓ Ниво на раст на БДП: Северна Македонија е зад просекот на Југоисточна Европа (ЈИЕ), како и зад просекот на Централна и Источна Европа (ЦИЕ). Според проекциите на Меѓународниот монетарен фонд и на Министерството за финансии, до 2040 година БДП во земјата би растел со просечна стапка од 3,3%.<br>✓ БДП по жител: Таква стапка на раст на БДП би се очекувала за земја во развој и треба да води кон приближување кон нивоата на БДП по жител кои денес ги имаат развиените земји од ЦИЕ.<br>• Потенцијалот за ублажување и трошоците<br>✓ Со економските и околинските анализи (кривата на маргинални трошоци за ублажување) вкупното намалување во 2030 се процени дека е а 5,6 Tg $CO_2$-eq (што може да се оствари ако сите предложени политики и мерки се спроведат со планираната рата на продор).</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | 70% од намалувањето може да се постигне со негативни трошоци (со „вин-вин“ политики и мерки кои претставуваат две третини од сите политики и мерки). Дополнително намалување од 20% може да се постигне со политиките и мерките чиј специфичен трошок се движи од 0 до 5 €/t $CO_2$-eq. Оттука, постои релативно висок потенцијал за ублажување којшто може да се искористи преку трошковно-ефективни политики и мерки. Тоа ја прави декарбонизацијата поисплатлива од сценариото кое подразбира да се задржат сегашните политики и практики.<br><br>Инвестициите потребни за реализација на сценариото на декарбонизација се 7,7% од вкупниот просечен годишен БДП. Како што се наведува во секторските акциски планови, покрај домашни инвестиции, земјата би сметала и на меѓународна поддршка (меѓународни фондови, донатори, банки) со што Република Северна Македонија ќе се развива кон нискојаглеродна економија, ќе се продолжи со разделувањето на емисиите од економскиот раст и ќе се обезбеди пристојно ниво на реален БДП по жител. Покрај меѓународната финансиска поддршка, земјата ќе има потреба и од меѓународна помош во форма на пренос на технологии и градење капацитети. |
| б) | Согледување на правичноста вклучително и одразот врз рамноправна распределба; | Треба да се напомене дека правичноста во национална перспектива вклучува најразлични прашања и нема индикатор кој самостојно може прецизно да ја одрази правичноста или пак глобалната рамноправна распределба на напорите на земјите. |
| в) | Како страната го спроведува член 4 став 3, од Договорот од Париз; | |
| Види 6а. | | |
| г) | Како страната го спроведува член 4, став 4, од Договорот од Париз | Друго одлика која ги докажува зголемените амбиции на земјата е целта за апсолутно намалување на емисиите низ целата економија (во согласност со член 4, став 4 од Договорот од Париз), со што целите ќе се постигнат на релевантен, целосен, доследен, транспарентен и прецизен начин. |
| д) | Како страната го спроведува член 4, став 6, од Договорот од Париз. | |
| Не е применливо | | |
| **7. Како националниот утврден придонес придонесува за остварување на целта на Конвенцијата од член 2** | | |
| а) | Како националниот утврден придонес придонесува кон остварување на целта на Конвенцијата од член 2; | Националниот придонес е добро усогласен со предвиденото движење на емисиите до 2050 година, што одговара на долгорочната цел на Договорот од Париз, и придонесува за стабилизирање на концентрациите на стакленички гасови во атмосферата на ниво кое би спречило опасно антропогено влијание врз климатскиот систем, а истовремено овозможува економски развој на одржлив начин, како што е предвидено во член 2 од Конвенцијата. |
| б) | Како националниот утврден придонес придонесува кон остварување на член 2, став 1(а) и член 4, став 1, од Договорот од Париз. | Со оглед на своите уникатни национални околности и посебниот вид предизвици, Ревидираниот национален утврден придонес е амбициозен и претставува предизвик. Тој има цел да ги поддржи колективните напори за што е можно поскоро достигнување на највисоката точка на емисии на стакленички гасови на глобално ниво, по што би се извршило брзо намалување на емисиите согласно најдобрите достапни научни сознанија, во согласност со член 4.1 од Договорот од Париз. |

# Дополнителни активности

06

**Економска и околинска евалуација на политиките и мерките**

За евалуација на економската и околинската ефективност на политиките и мерките се користеше кривата на маргинални трошоци за намалување (MAC крива). Како што е прикажано со MAC кривата (Слика 1), вкупното намалување во 2030 изнесува 5,6 Tg CO2-eq (што може да се оствари ако сите предложени политики и мерки се спроведат според планираната рата на продор). 70% од намалувањето може да се постигне со негативни трошоци (со „вин-вин“политики и мерки кои претставуваат две третини од сите политики и мерки). Дополнително намалување од 20% може да се постигне со политиките и мерките чиј специфичен трошок се движи од 0 до 5 €/t CO2-eq.




Слика 1. Крива на маргиналните трошоци за намалување на емисиите за 2030 година

## 07

**Социјални аспекти на политиките и мерките**

**Работни места:** Се утврди дека Ревидираниот национален утврден придонес би донел нови работни места, и тоа речиси 8.000 во 2030 и 10.000 во 2035 година, за што главно ќе придонесат политиките и мерките за енергетска ефикасност, и тоа со 77% (Слика 2).




Слика 2. Број на домашни зелени работни места

Политиките и мерките кои најмногу придонесуваат за нови домашни зелени работни места се: реконструкција на постојните резиденцијални згради (42%), изградба на пасивни куќи (21%), обновлива енергија без стимулации (6%) и соларни термални колектори (8%).

**Род:** Според видот на новоотворени работни места, со основна анализа се утврди дека најмалку 27% од работните места во 2035 година може да ги работат жени. Освен тоа, политиките и мерките беа анализирани и од аспект на тоа колку ги земаат предвид родовите разлики. Беше утврдено дека постојат неколку политики и мерки каде родово-разделениот пристап би помогнал за спроведувањето, особено кај политиките и мерките поврзани со субвенционирање на технологии за влажнување и подигнување на свеста. Следствено на тоа, со цел Ревидираниот национален утврден придонес да ги земе предвид посебностите на родовите, конкретни политики и мерки беа редизајнирани и беа вклучени родови индикатори. Најистакнат пример е редизајнирањето на моделот за субвенционирање „прв дојден, прв услужен“ во модел кој ги зема предвид разликите меѓу родовите и со кој им се помогна на 10.000 најранливи домаќинства во најпогодените градови во земјата да ги заменат своите системи на греење со поефикасни.

**Млади:** Беше организирана виртуелна консултација со младите за Ревидираниот национален утврден придонес со цел да се вклучат младите и нивните ставови да се одразени во Ревидираниот национален утврден придонес. На овој начин поширок дел од општеството ќе ги прифати и ќе се залага за постигнување на целите на Ревидираниот национален утврден придонес. Како резултат на тоа, беа препознаени три точки на притисок клучни за обезбедување квалитет и влијателност на младите во „Ветувањето за климата“ и тие беа вградени во дизајнот на платформата „Младите за климата“.

Тие се:
• Воспоставување однос на доверба со помош на интерактивни алатки.
• Проширување на разговорот и вон „климатската тема“ со внесување содржини поврзани со социјалните, економските и технолошките трендови што влијаат врз развојот на земјата.
• Препознавање на неформалноста во климатските акции предводени од младите.

Врз основа на резултатите од консултациите, беа идентификувани три клучни акции на стратешко ниво и тие беа вградени во Ревидираниот национален утврден придонес:
• Дизајнирање на системски, долгорочен пристап за вклучување на младите во консултации и во носење одлуки за национални и локални климатски политики и акции, вклучително и нови механизми, нови правила и нови алатки.
• Вградување механизам за давање повратни информации во склоп на постојниот систем, со што ќе се овозможи двонасочна комуникација и следење на климатските активности осмислени и спроведувани од младите и/или јавната администрација.
• Ревидирање на пристапите и алатките за едукација и интегрирање на климатски прашања при информирање на младите и на пошироката јавност за причините и последиците од климатската криза, вклучително и за нивното индивидуално влијание.

## 08 Улогата на приватниот сектор

Улогата на приватниот сектор во акциите за ублажување е согледана преку разгледување на дополнителни политики и мерки во секторот индустрија кои придонесуваат за (i) зголемување на енергетската ефикасност, (ii) зголемување на употребата на обновливи извори за производство на електрична енергија и (iii) подобрување на управувањето со отпадот, а со тоа и подобрување на продуктивноста на компаниите и намалување на нивните емисии (вкупните емисии на стакленички гасови за 10,6% и локалните емисии ($SO_x$) за 98%). Што се однесува до инвестициите, приватниот сектор има доминантна улога бидејќи учествува со 85% во вкупните инвестиции потребни за реализација на политиките и мерките во секторот индустрија. Досега, поддржани со механизмот на повластени тарифи, 110 приватни компании инвестираа во капацитети од 140 MW обновливи извори на енергија (во најголем дел соларни системи и мали хидроцентрали). Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, бројот на компании во секторот „Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација“ во 2018 година е двојно зголемен во споредба со 2017 година (224 наспроти 107), што главно е резултат на компаниите кои инвестираа во обновливи извори на енергија. Имајќи предвид дека повеќе од 2.000 MW (соларна енергија, ветер, мали хидроцентрали, биомаса и биогас) се предвидени до 2040 година, се очекува оваа значајна улога на приватниот сектор да се одржи, па дури и да се зајакне.

## 09 Цели за одржлив развој (ЦОР) – Ревидиран национален утврден придонес: Синергии и компромиси

Со цел да се разбере како Ревидираниот национален утврден придонес придонесува за исполнување на националната агенда за одржлив развој, се користеше алатката SCAN и новоизработената алатка Q-SCAN за да се идентификуваат и квантифицираат синергиите и компромиси.






Слика 3. Електрична и топлинска енергија, Транспорт и Згради – синергии и компромиси со ЦОР

На Слика 3 се прикажани синергиите и компромисите на три сектори од Ревидираниот национален утврден придонес – Електрична и топлинска енергија, Транспорт и Згради. Резултатот на интегралното бодување го следи резултатот на секторот Електрична и топлинска енергија, што укажува на тоа дека овој сектор е доминантен од аспект на влијанието врз ЦОР. Најсилни синергии и понатаму има кај ЦОР 8: Пристојна работа и економски раст, благодарение на новите работни можности отворени со воведувањето обновливи извори на енергија и благодарение на пазарот за градење и реконструкција; одржлив економски раст, подобрена економска ефикасност по единица производ и одржлива поддршка на претприемништвото. Најзначителни компроиси има со ЦОР 15 Живот на копно, поради потребата од земјиште за проектите за обновлива енергија, потенцијалната деградација на шумите и потенцијалните промени на течението на реките. Меѓутоа, најголемите синергии се речиси три пати посилни од најголемите компромиси.

10

### Циркуларна економија

Беа анализирани и придобивките од циркуларната економија во однос на намалувањето на емисиите на стакленички гасови со цел да се идентификуваат можностите и предизвиците за ублажување преку подобрување на циркуларните практики при управување со отпадот, а во согласност со Европскиот зелен договор и Акцискиот план на ЕУ за циркуларна економија. Беа спроведени шест студии, и тоа:

• Градежен отпад
• Биолошки отпад
• Секундарни резидуални горива
• Е-отпад
• Искористени возила
• Пластика

Севкупно, беше проценето дека со примена на циркуларни практики кај избраните анализирани случаи и текови на отпад до 2030 година, може да се обезбеди: намалување од 951 Gg CO2-eq/годишно, 2.740 нови работни места и 47,17 милиони евра економски придобивки. Затоа, преминот кон циркуларни практики, дури и да е ограничен на тие шест

анализирани случаи, е доволен за да се компензираат емисиите од Депонии на цврст отпад (речиси двојно помалку), и за емисиите од секторите Отпад и Индустриски процеси и користење производи. За да се остварат овие придобивки, неопходна е промена во политиките на управувањето и дадени се неколку препораки, почнувајќи со предлогот за создавање владина агенда за циркуларна економија која ќе опфаќа повеќе сектори.

# Идни активности

11

**Ревизии предизвикани од Ковид-19**

Енергетската транзиција се случува со забрзано темпо - употребата на обновливи извори се повеќе се зголемува, иако фосилните горива се уште доминираат, а чистите технологии отвораат многу нови можности и за индустријата и за инвеститорите, иако пазарите на капитал побавно се приспособуваат на новата климатска економија. И сончевата и ветерната енергија стануваат значително поконкурентни. Изгледа дека со КОВИД-19 на планетата ѝ е дадена единствена шанса од корен да ја смени енергетиката. Република Северна Македонија во моментов ги ревидира економските сценарија и сценаријата на емисии за периодот по пандемијата предвидени во Стратегијата за енергетика, при што во претпоставките на сегашните модели се вметнуваат измени во однос на цените на горивата и технологиите, прекините во синџирот на снабдување, влијанието врз трговијата и пазарот на акции, и се прават и измени кај побарувачката на енергија поради севкупното забавување на економијата. Тоа секако ќе влијае и врз сценаријата во Ревидираниот национален утврден придонес, но, веројатно е тие ќе станат уште позелени.

12

**Тековни/планирани активности од проектот „Ветувањето за климата“**

Проектот на УНДП „Ветување за климата“ ќе продолжи да го поддржува процесот зад Ревидираниот национален утврден придонес, па така, по поднесувањето на Ревидираниот национален утврден придонес ќе бидат преземени повеќе активности со цел зајакнување на неговото спроведување. Следниве активности ќе бидат завршени до јуни 2021 година:

• Градење политичка волја и национално прифаќање и ангажирање околу Ревидираниот национален утврден придонес преку стратешки дијалози со клучни чинители (министерства, локални самоуправи, граѓански организации, младински совети, академската заедница, приватниот сектор);

• Вклучување на лицата за контакт за УНФЦЦЦ за климатски промени и за родови прашања, родовата машинерија и собраниската комисија за еднакви можности во промовирање лидерски улоги на жените за климатска акција;

• Анализирање на социо-економските влијанија од целите/мерките во Ревидираниот национален утврден придонес;

• Изработка на патоказ за отстранување ризици (отстранување на ризици во политиките и отстранување на финансиски ризици). Овој стратешки патоказ ќе ги земе предвид законодавството и регулативата, како и човечкиот и институционалниот капацитет. Отстранувањето на финансиските ризици ќе ги опфаќа развојот на пазарот, модели за поддршка и механизми за финансирање. Исто така, ќе се истакнат можности за приватни инвестиции или јавни-приватни партнерства за спроведување на активностите од Ревидираниот национален утврден придонес и ќе се предложат посебни мерки за отстранување на ризикот кај овие инвестиции;

• Подготовка на стратегија за финансирање на спроведувањето на Ревидираниот национален утврден придонес. Таму ќе бидат наведени предложените извори на финансирање за сите активности, вклучително и за оние каде активноста најдобро би се реализирала со преструктуирање на јавните финансиски текови и/или усвојување фискални политики и мерки. Исто така, во неа ќе бидат идентификувани инвеститори со соодветни портфолија;
• Разгледување на можноста за воведување данок за јаглерод во земјата. Со тоа би се оценила можноста со средствата од данокот да се финансираат мерките од Ревидираниот национален утврден придонес и би се разгледале трошоците и придобивките. Резултатите од анализата ќе бидат презентирани пред носителите на одлуки и пред медиумите на настан организиран на високо ниво;
• Проценување на институционалните капацитети за да се идентификува кои клучни вештини недостигаат за спроведување на Ревидираниот национален утврден придонес и изработка на среднорочен план за градење капацитети.
• Подобрување на податоците за следење на остварувањето на Ревидираниот национален утврден придонес. Активноста ќе биде континуирано поддржана во рамки на ЦБИТ проектот на УНДП.

13

**Адаптација**

Република Северна Македонија планира да изработи Национален план за адаптација (НПА) врз основа на интегриран пристапи во следниве области: вода, храна, енергија, здравство, биодиверзитет, туризам, шумарство, намалување на ризици од катастрофа, загуби и штети, изградена инфраструктура. НПА ќе вклучува меѓусекторски и секторско-специфични активности и мерки за адаптација, заедно со идентификуваните приоритети за инвестиции во согласност со националните и секторски развојни политики и планови. Исто така ќе се земе предвид исходот од обемни консултации со вклучување на чинители од сите сектори и нивоа на управување, институции и агенции чија работа е поврзана со климата, како и претставници на приватниот сектор, граѓанското општество, академската заедница, женските здруженија и младинските невладини организации. Освен тоа, компонентата за адаптација на климатските промени ќе биде вклучена и во Стратегијата за намалување на ризиците од катастрофи, којашто се изработува согласно Рамката од Сендаи за намалување на ризиците од катастрофи. Оттука, Република Северна Македонија во следниот Ревидиран национален утврден придонес би можела да вклучи компонента за адаптација, затоа што од споменатите стратешки документи може да се извлечат влезни информации за таа компонента.



Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

**Ревидираниот национален утврден придонес е подготвен со поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации во рамките на иницијативата "Ветување за климата" (Climate Promise)**

Copyright © 2021 | МЖСПП- Сите права се задржани